Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
ПАКОМАК ДОО
Бр. 03-6146
28.12.2017 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство, услуги и трговија
БУЧЕН КОЗЈАК ДОО
бр. 0307/1143
12.12.2017 год.
КУМАНОВО

**ДОГОВОР**

**ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ И ЗАЕДНИЧКИ МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ**

Склучен на ден 12.12.2017 година, помеѓу:

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување **„ПАКОМАК" ДОО** со седиште на ул. Партизански Одреди, Порта Влае блок 4 Скопје, ЕДБ 4057010510526, претставувано од Филип Ивановски, Извршен Директор, (во понатамошниот текст „Корисник на услуги")
и

Друштво за производство, услуги и трговија **"БУЧЕН КОЗЈАК" ДОО КУМАНОВО**, ул. Козјачка бр.11, ЕДБ 4017992127206, email: bucenkozjak@bucenkozjak.mk, тел.контакт: 031/475-230; застапувано од Анита Спасовска (во понатамошниот текст „Давател на услуги")

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските помеѓу договорните страни во врска со:

- рекламирање на социјални медиуми
- рекламирање на дистрибутерските возила

за период од 01.01.2018 год. до 31.12.2020 год., а кој е проект на Давателот на услуги, за рекламни цели на Корисникот на услуги, на начин и под услови предвидени со овој Договор.

**Член 2**

Давателот на услуги се обврзува, во периодот од 01.01.2018 год. до 31.12.2020 год., во корист на Корисникот на услуги и во договор со Корисникот на услуги, според неговите тековни потреби:

- да обезбеди простор на социјалните медиуми за рекламирање во вид на банер

**Член 3**

Корисникот на услуги се обврзува навремено, а најдоцна 10 дена пред започнување на рекламната кампања да му достави на Давателот на услуги материјали (во компатибилен формат) кои се носачи на содржините од член 2 и има право, по свое наоѓање да изврши замена на содржината во секое време (со почитување на рокот за доставување предвиден во овој член).

**Член 4**

Овој Договор се склучува и важи за периодот предвиден со член 2 став1 од истиот.

Двете страни имаат право да го раскинат овој Договор со доставување известување до другата договорна страна со отказен рок од 30 дена. Доколку Давателот на услуги еднострано го раскине Договорот нема право бара никаков надомест од Корисникот на услуги.

**Член 5**

За реализација на активностите од член 1 и член 2 од овој Договор, Корисникот на услуги ќе му исплати на Давателот на услуги паричен надомест во нето вкупен износ од 20.448,00 денари на годишно ниво, без вклучен ДДВ.

Исплатата на надоместот ќе се изврши на сметката на Давателот на Услуги после доставена фактура на секои три месеци од потпишување на договорот.

Давателот на услуги гарантира дека надоместот наведен во став 1 на овој член е единствен паричен износ кој Корисникот на услуги е обврзан да го исплати во согласност со овој Договор.

**Член 6**

Доколку било која одредба од овој Договор е или стане ништовна, истата ќе се смета за одвоена од другите и нема да има влијание врз полноважноста на другите одредби се додека главната цел на Договорот може да биде исполнета.

**Член 7**

Доколку било која договорена страна се однесува спротивно на овој Договор, другата договорна страна има право, согласно Законот за облигациони односи, да бара надомест на штета.

**Член 8**

Измени и дополнувања на овој Договор се вршат со анекс кон истиот, во писмена форма, потпишан од овластени претставници на двете договорни страни.

Никакво дополнување, промена, раскинување, откажување од било кое право кое произлегува од Договорот или негово поништување нема да биде извршливо, ниту можно, доколку не е регулирано на начин предвиден во став 1 на овој член.

**Член 9**

Во случај на спор надлежен е Основен суд Скопје II Скопје.

**Член 10**

Овој Договор е составен во два еднообразни примероци, од кои по еден за секоја договорна страна.

**Давател на услуги**
БУЧЕН КОЗЈАК ДОО

Управител
Анита Спасовска

______________________

**Корисник на услуги**
ПАКОМАК ДОО

Управител
Филип Ивановски

______________________